ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 04-552/7
Датум: 07.05.2021

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18) и член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр. 01-290/1 од 19.04.2017 година, бр. 01-837/1 од 12.11.2018 година и Спогодба за продолжување на важноста на Колективниот договор на ниво на ДЗР бр. 03-406/1 од 31.05.2019 година) а во врска со Извештај број 04-552/6 од 07.05.2021 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Ревизор за ревизија на субјектите на одбрана, јавна безбедност и Народна Банка на РСМ, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-552/4 од 26.04.2021 година, по објавен Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-552/2 од 16.04.2021 година, Главниот државен ревизор донесе:

## ОДЛУКА

**За избор на кандидат за унапредување на работно место Ревизор за ревизија на субјектите на одбрана, јавна безбедност и Народна Банка на РСМ**

1. По спроведената постапка за селекција за унапредување на еден кандидат на работно место Ревизор за ревизија на субјектите на одбрана, јавна безбедност и Народна Банка на РСМ, по Интерен оглас заведен под број 04-552/2 од 16.04.2021 година, **се избира кандидатот Љирим Емини.**

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со член 69 став (3) и став (4) од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр. 01-290/1 од 19.04.2017 година, бр. 01-837/1 од 12.11.2018 година и Спогодба за продолжување на важноста на Колективниот договор на ниво на ДЗР бр. 03-406/1 од 31.05.2019 година) а во врска со реализација на Годишниот план за вработување за 2021 година на Државниот завод за ревизија заведен под број 01-925/1 од 30.10.2020 година, за кој е добиена Согласност од Министерство за финансии број 08-4628/226-2 од 20.11.2020 година, и добиена Согласност од Министерство за информатичко општество и администрација број 12/6-4152/5 од 14.12.2020 година, и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на Државен завод за ревизија за 2021 година за унапредување од Министерство за финансии број 24-304/2 од

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED

19.02.2021 година, објавен е Интерен оглас за унапредување на еден (1) државен ревизор на работно место Ревизор за ревизија на субјектите на одбрана, јавна безбедност и Народна Банка на РСМ, заверен под број 04-552/2 од 16.04.2021 година.

Со оглед дека, согласно Извештајот за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Ревизор за ревизија на субјектите на одбрана, јавна безбедност и Народна Банка на РСМ, со предлог на избор на кандидат за работното место заверен под број број 04-552/6 од 07.05.2021 година, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-552/4 од 26.04.2021 година, за работното место за кое е објавен интерниот оглас, конкурирал еден кандидат, вработениот Љирим Емини, кој ги исполнувал општите и посебните услови за работното место и ги дал потребните одговори на поставените прашања на интервјуто одржано на 07.05.2021 година, Комисијата поднесе предлог до Главниот државен ревизор да донесе Одлука за избор на кандидатот, вработениот Љирим Емини за унапредување на наведеното работно место.

Во согласност со член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија, а врз основа на поднесениот Извештај од спроведената постапка за селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија, Главниот државен ревизор одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право да поднесат жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

**Главен државен ревизор,**

**м-р Максим Ацевски**

Изработил: Весна Симоновска, МБА
Контролирал: М-р Александар Поповски